Macedonian - Македонски

# Анкета за станарско искуство - известување за приватноста на учесникот

## Кој ги собира вашите лични податоци

Вашите лични податоци ги собира Access Care Network Australia (ACNA). ACNA има склучено договор со Министерството за здравство и нега на стари лица да ја спроведе Residents' Experience Survey (RES) [Анкетата за станарско искуство].

## Зошто ACNA ги собира вашите лични податоци во име на министерството

ACNA собира лични податоци со цел да ја спроведе Анкетата за станарско искуство. Резултатите од анкетата потоа се употребуваат за да се пресмета оценката со ѕвездички [Star Ratings] за старски дом. Пред да ги предаде на министерството, ACNA ги отстранува сите податоци врз основа на кои може да се утврди идентитетот.

Вашите лични податоци исто така може да се употребат за други цели, како што се истражување и анализа, за да влијаат врз донесувањето на одлуки за политиките во иднина.

## Што ќе се случи ако ACNA, во името на министерството, не ги собере вашите лични податоци

Ако не ги дадете или не сте способни да ги дадете вашите лични податоци, нема да можете да учествувате во Анкетата за станарско искуство.

## Кому ACNA, во името на министерството, ќе му ги открие вашите лични податоци

ACNA може да ги открие вашите лични податоци на други организации кои исто така имаат договор да ја спроведат Анкетата за станарско искуство.

## Пристап и исправка на вашите лични податоци

Принципите за приватност на ACNA содржат информации за тоа како можете да добиете пристап и да побарате исправка на личните информации кои ACNA ги има за вас. Видете ги принципите за приватност на ACNA.

## Поплаки за приватноста

Принципите за приватност на министерството содржат информации за тоа како може да се жалите за прекршување на Австралиските принципи за приватност или за Кодексот за приватност на австралиските владини агенции и како министерството ќе се справува со овие поплаки.

## Откривање на вашите лични податоци во странство

Ние нема да ги откриеме вашите лични податоци на било кои корисници во странство.

## Понатамошни информации

Видете ги принципите за приватност на министерството. Вие можете да добиете копија на Австралиските принципи за приватност ако контактирате со министерството користејќи ги податоците за контакт на крајот на ова известување.

## Согласност

Со давањето на лични податоци на ACNA, вие се согласувате Министерството за здравство и нега на стари лица да ги собере од ACNA вашите лични податоци од кои се отстранети информациите од кои може да се открие идентитетот.

## Податоци за контакт

Ако сакате да контактирате со министерството за работи во врска со приватноста, вклучувајќи прашања за ова известување, ве молиме контактирајте со службеникот за приватност на еден од следниве начини:

### По пошта


Privacy Officer [Службеник за приватност]

Department of Health and Aged Care

23 Furzer Street

WODEN ACT 2606


### Е-мејл


privacy@health.gov.au


### Телефон


02 6289 1555